Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 37-та седница одржана на ден 29.07.2026 година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предмет со бр.08-3360/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-3360/1 од 19.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со бр.08-3360/1 од 19.12.2025 година е оформен по сопствена иницијатива. ДКСК од увидот во својата евиденција од Уверението со бр. 11-183/1 утврди дека лицето ----------------на ден 14.11.2025 година е избран на функцијата Градоначалник на Општина---------------.
ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека именуваниот во законски предвидениот рок по избор на функцијата не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.
ДКСК на -----------------му издаде прекршочен платен налог со бр.08-648/2 од 03.02.2026 година за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон.
Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.
Прекршочната комисија донесе Решение со бр. 14-1292/5 од 11.05.2026 година со кое сторителот --------------го прогласи за одговорен, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Лицето има поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** М.С, Помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:** З.Б, член на ДКСК